

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

## 25.12.2024-Среда

## ПРОТОКОЛ



**Утре (26 декември), Советот на Општина Гевгелија ќе расправа по Предлог-Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година**

Утре (26 декември 2024 година), Советот на Општина Гевгелија ќе ја одржи својата 55. седница, на којашто ќе расправа по Предлог-Буџетот на Општина Гевгелија, како и по повеќе буџетски Програми, и Финансиските планови на образовните и културните институции и ЈОУ ДГ „Детска радост“- Гевгелија за 2025 година. Седницата ќе се одржи во Малата сала на Народниот театар- Гевгелија, со почеток во 10:30 часот. За работа на 55. седница на Советот на Општина Гевгелија, е предвиден следниот дневен ред:

1. Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година,
2. Предлог-Буџет на Општина Гевгелија за 2025 година,
3. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година,
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2025 година,
5. Предлог-Буџетски календар на Општина Гевгелија за 2025 година,
6. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2025 година,
7. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2025 година,
8. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2025 година,
9. Одлука за обезбедени средства во Буџетот на Општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2025 година,

10. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2025 година,
11. Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2025 година,
12. Предлог-Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Гевгелија за 2025 година,
13. Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2025 година,
14. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2025 година,
15. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)- Гевгелија за 2025 година,
16. Предлог-Програма за активна транспарентност во Општина Гевгелија за 2025 година,
17. Предлог-Програма за заштита и спасување и справување со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2025 година,
18. Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2025 година,
19. Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година,
20. Предлог-Програма на Општина Гевгелија за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Гевгелија за 2025 година,
21. Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на образованието за 2025 година,
22. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2025 година,
23. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за 2025 година,
24. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за 2025 година,
25. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија за 2025 година,

26. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци за 2025 година,
27. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ „Климент Охридски“- Миравци за 2025 година,
28. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија за 2025 година,
29. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија за 2025 година,
30. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија за 2024 година,
31. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија за 2025 година,
32. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија за 2025 година,
33. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за 2025 година,
34. Информација за активностите на ТППЕ- Гевгелија за периодот јануари-ноември 2024 година.



Ул.Димитар Влахов бр.4 Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

25.12.2024-Среда

## НАСТАНИ




### Општина Гевгелија и годинава организира новогодишен дочек на Градскиот плоштад

Покрај украсувањето на градот со разновидни содржини и Новогодишен базар во организација на Општина Гевгелија, новогодишната атмосфера во општина Гевгелија ќе биде збогатена и со традиционалниот новогодишен дочек на Градскиот плоштад. За дочекот на 2025 година, Општина Гевгелија и годинава подготви богата музичко-забавна програма. Граѓаните ќе имаат можност заеднички да ја испратат 2024 година со: концерт на Ефто Пупиновски и „Милениум бенд“, „Либра бенд“, „Европорта Фест“ во организација на Здружението „Внимание“- Гевгелија на кој ќе настапат млади музички таленти од општина Гевгелија со изведба на домашна и странска музика и настапот на Ѓорге Митров. Помеѓу настапите на музичките изведби, за изнудување смеа кај присутните на новогодишната забава, е задолжен гевгелискиот stand-up комичар, Дејан Малзарков, со неговото шоу „Диверзија“. Водител ќе биде Никола Опров,

„Гевгелија заслужува да биде урбано место со богата музичка содржина преку целата година. Водејќи се од тоа дека традицијата треба да се негува, граѓаните ќе имаат можност заеднички да ја дочекаат Новата 2025 година на Градскиот плоштад во Гевгелија“- истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Поканувајќи ги своите сограѓани: „Да ја дочекаме заедно Новата 2025 година.“




**25.12.2024-Среда**




## Дводневна новогодишна програма во организација на ЈОУ Дом на култура и Пионерски дом

За зголемување на претпразничната радост кај дечињата, ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија и ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија подготвија дводневна, новогодишна, културно-уметничка програма.

Утре (26 декември 2024 година), во Народниот театар-Гевгелија, од страна на членовите на Драмската секција за деца при ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија ќе биде изведена театарската претстава за деца „Енгеле, бенгеле“ по сценариото на професорот по македонски јазик и литература, Тони Аврамов, а во режија на Катица Џишева Дупарова. Претставата ќе биде прикажана во два термина, со почеток од 10:00 и 11:30 часот.

На 27 декември 2024 година, следува традиционалната манифестација „Дочек на Дедо Мраз“ на Градскиот плоштад, во 12:00 часот. Дечињата ќе имаат можност да го дочекаат и се сликаат со Дедо Мраз, а забавниот дел ќе биде проследен со концерт на Детскиот фестивал „Калинка“ и настап на Танцовото студио „Мистик“.



25.12.2024-Среда

## ИНФОРМАЦИИ



### Камен-темелник на новиот МЕГА шопинг-центар во Гевгелија

Во Гевгелија, во присуство на претседателот на Владата на РМ, Христијан Мицкоски; градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов; претставници на МПЦ и на инвеститорите - компаниите „А-ПЛУС“ и „Новастон“, беше поставен камен-темелник на новиот МЕГА шопинг-центар. Новиот шопинг-центар се наоѓа на влезот на Гевгелија, на градбена површина од над 19.000 м², каде што се предвидени голем супермаркет, продавници со модни брендови, забавна зона и други содржини.

„Многу амбициозен, но не и неостварлив проект, вреден околу 20 милиони евра, што ќе овозможи на почетокот 350 нови вработувања до максималниот капациет од 500-тини- изјави премиерот Христијан Мицкоски. „Оваа точка е навистина значајна, бидејќи околу 15 милиони возила годишно поминуваат тука. Нашата цел е годинава, за првпат, да забележиме една милијарда евра инвестиции, со што како држава ќе бидеме меѓу првите три, по глава на жител, кога станува збор за странски инвестиции“- истакна Мицкоски упатувајќи честитки до инвеститорот за одлучноста и благодарност до општината и до сите што помагаа за реализација на оваа инвестиција.

Според градоначалникот Андон Сарамандов, овој Мега шопинг-центар ќе има голем инпут за економијата во Гевгелија. Притоа, нагласи: „Во изминатиов период, како локална самоуправа работевме посветено за да овозможиме подобри услови за нови инвестициони вложувања, заблагодарувајќи се на Владата на РМ, предводена од премиерот Христијан Мицкоски, за континуираната поддршка за зголемена стопанска активност, развој и нови инвестиции во општините.“

**25.12.2024-Среда**



**Отчет на градоначалникот Сарамандов: "3 години посветено за урбана и модерна Гевгелија"**

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по повод навршувањето три години од градоначалничкиот мандат, даде отчет пред граѓаните за реализираните проекти во општина Гевгелија. Во преполната сала на Народниот театар во Гевгелија, под слоганот „3 години посветено за урбана и модерна Гевгелија 2021-2023, го презентираше сработеното во својот тригодишен мандат. Посебно задржувајќи се на реализираните проекти и активности, со коишто значително се подобрени развојот и условите за живот на граѓаните на општина Гевгелија.

„Нема поубаво чувство од тоа да застанам пред моите сограѓани и да го споделам транспарентно она што сработивме овие три години, проектите кои се реализираа, предизвиците и проблемите со кои се соочивме. Нашата мотивираност и напорна работа, придонесе за успешна реализација на голем број проекти од суштествено знчење за граѓаните на општина Гевгелија. Благодарение на успешната соработка со јавните институции, Советот на општина Гевгелија и општинската администрација, беа остварени високи резултати со значителен придонес во секој сегмент во нашата Гевгелија.“- истакна градоначалникот Сарамандов во своето излагање. „Се обврзувам дека ќе продолжиме да работиме посветено и одговорно, Гевгелија мора да се развива во урбана и модерна општина по примерот на европските општини.“

Низ презентација, се осврна на следниве капитални проекти и активности: изградбата на „Западен булевар“ во Гевгелија, доградбата на ЈОУДГ „Сончогледи“ со капацитет за 130 деца, новиот модерен урбан парк на површина од 6.000 метри квадратни во Гевгелија, реконструкцијата на ДТВ „Партизан“- Гевгелија, новиот спортско-рекреативен центар „Топлик“, изградбата на атлетската патека во спортскиот комплекс кај Старата касарна, првиот инклузивен парк „Ице Бегов“, и реконстуираните и уредени Младински домови во Прдејци, Богородица и Моин.

Како и: изградбата на атмосферската канализација во градот во должина од 7.100 метри квадратни, изградбата на патна (на површина од 78.873 метри квадратни на подрачјето на Општина Гевгелија) и комунална инфраструктура (нови цевководи во Богородица и Прдејци, фекална канализација во Давидово и центарот на градот, канализационен и водоводен ситем во УБ 5 „Касарна“ и УБ 4.4), изградба на дел од патот до Ума, прифатилиштето за бездомни животни, изградбата на улицата за нова сообраќајна врска со автопатот Е75, туристичката платформа, Проектот за селекција на отпадот, профунционирањето на времената депонија, уредувањето на старата депонија во зелена површина, и континуирано одржување и проширување на мрежата на јавно осветлување. Исто така, и на зафатите за подобрување на спортската инфраструктура и детските катчиња во училиштата и повеќе населени места и за поодобрување на воспитно-образовниот процес, формираните Секции за деца и бесплатни часови по гитара, ударни инструменти, драмска, пливање), субвенции за набавка на 300 велосипеди, опремена со инвентар Канцеларија за млади, изградбата на фотоволтаични централи за поголема енергетска ефикасност на прочистителната станица, ООУ „Владо Кантарџиев “, ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија, воведувањето на услугата лична асистенција за лица со попреченост, набавените 3 електромоторни помагала за лица со попреченост, возило со рампа за лица со попреченост, подобрување на опремата во ТППЕ- Гевгелија со две возила за пожари и др.




Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk



**"Топлик" уреден во спортско-рекреативен центар**

Со уредувањето на месноста „Топлик“ во спортско-рекреативен центар, општина Гевгелија доби уште еден простор за спорт, одмор и рекреација на сите граѓани. Завршувањето на градежните работи за изградба на спортско-рекреативниот центар беше означено со свечено пуштање во употреба.

Проектот опфати поставување урбана опрема, односно спортско-рекреативниот центар кај месноста „Топлик“ располага со летниковци, клупи и масички за седење и корпи за отпадоци. Уредени се патеки за рекреација и поврзување на просторот, а е осветлен со канделаабри на сончева енергија.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, истакна дека реализирано е уште едно ветување од предизборната програма во 2021 година, поради потребата од повеќе рекреативни содржини за поквалитетен живот на граѓаните на општина Гевгелија. Исто така, ги покани сограѓаните да го посетат новиот парк и апелираше за совесно однесување при користењето со цел зачувување на ова ново прекрасно катче.

Уредувањето на месноста „Топлик“ во спортско-рекреативен центар се реализираше преку Проектот: „Зајакнување на општинските совети- Фаза 2“, а имплементиран од Програмата за развој на Обединетите нации- УНДП, а финансиски поддржан од Швајцарската влада, Министерството за локална самоуправа и Општина Гевгелија.  Вкупниот износ на овој проект изнесува 5.171.865 денари, од коишто 3.959.526 денари се грант од УНДП, а 1.959.526 денари се сопствено учество на Општина Гевгелија.

По изградбата, во Општина Гевгелија се одржа и последниот 5. Форум во заедницата, на којшто се презентираа реализираните активности за инфраструктурниот проект, којшто беше одбран како приоритетен од страна на граѓаните- учесници на четирите форуми во заедницата.

**25.12.2024-Среда**



## Заменик-министерот Велковски и градоначалникот Сарамандов извршија увид во завршните градежни активности за доградба на ЈОУ "Сончогледи"

Во завршна фаза се изведбените работи за доградба на ЈОУДГ „Сончогледи“- Гевгелија. Заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, ја посетија ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија и заедно со директорката Митра Митревска извршија увид во завршните градежни активности. Како што истакна градоначалникот Сарамандов, во моментот тече партерното уредување на надворешниот дел, а во наредниот период ќе започне и внатрешното опремување на просториите. Предвидено е за време на летото, во 2025 година, да бидат отворени вратите за нови 130 дечиња во оваа градинка.

- Како родител и како човек, свесен сум за значењето на сигурна и поттикнувачка средина за децата. Горд сум што успеавме да го откочиме процесот на доизградба на објекти кои со години беа во застој. Денес, секој проект што носи подобар живот за граѓаните е наш приоритет- истакна заменик-министерот Велковски.

- Чест ми е што во мојот мандат со финансиско учество на Општината, Гевгелија после долги години ќе добие нова детска градинка. Решавањето на проблемот со недостиг на капацитети за упис на деца во предучилишна возраст и што поголем број семејства да добијат пристап до квалитетна предучилишна едукација, беше наш главен мотив за реализација на овој капитален проект- потенцираше Сарамандов.

За време на посетата во Гевгелија, заменик-министерот Велковски и градоначалникот Сарамандов одржаа средби и со претставници на Здружението на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“, Здружението на лица со попреченост „Порака“, Здружението на слепи лица и Здружението на лица со оштетен слух и говор во Народниот театар- Гевгелија. На средбите беа дискутирани предизвиците со коишто овие лица се соочуваат, како и можните решенија за подобрување на условите, пристапот до помагала и унапредување на законските рамки.

**25.12.2024-Среда**



## Континуирани вложувања за подобрување на воспитно-образовниот процес: нов ситем за греење и ладење во "Владо Кантарџиев" и внатрешно уредување во "Крсте Мисирков"- Гевгелија

ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија и подрачните училишта во населените места Богородоцица и Мрзенци добија нов систем за греење и ладење. За таа цел, беа поставени 23 инвертер-клими, со што реализирано е уште едно ветување на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, од предизборната програма за 2021 година. Притоа, за успешна реализација на наставата и збогатување на надгледните средства, исто така, се набавени 24 смарт табли.

Градоначалникот Сарамандов, заедно со членот на Советот на Општина Гевгелија, Андријана Бегова и директорката на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, Ружица Икономова, извршија увид во Училиштето по инсталирањето на инвертер-климите.

Претходно, за подобрување на воспитно-образовниот процес, беа реализирани повеќе зафати и проекти. Имено, во дворот на ООУ „Владо Кантарџиев“ беше изградено ново детско катче, како и други занимливи содржини за најмалите. Во Подрачното училиште во Богородица се изврши замена на подовите, а во Подрачното училиште во Мрзенци беа извршени фасадерски работи во сите простории.

ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија доби нов модерен лик со целосната замена на плочките, реконструкција на внатрешната заштитна ограда, а, исто така, се набавија и нови столчиња за децата. За што, градоначалникот Сарамандов, заедно со директорот Ѓорги Стамков, направија увид во реализираните активности. Претходно, во ова училиште беа целосно ренновирани тоалетите со нови плочки и санитарна опрема. За успешна реализација на воспитно-образовниот процес, ќе бидат поставнени и мултифункционални табли.

- Продолжуваме со вложување во квалитетно образование, подобрување на училишната инфраструктура и правилен развој на младите во сите училишта институции. Наш мотив е децата да се чувствуваат убаво и пријатно во училишниот престој затоа што секое дете има право на еднакви услови во образовниот процес- истакна градоначалникот Сарамандов.